**З А П И С Н И К**
**од 54-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 08.10.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12.00 часот.
Во салата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Даниела Давидевска, Аце Јанкуловски, Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска, Сашо Михајловски, Сандра Пејковска и Јасмина Јовановска.
Од општинската администрација присутна беше Александра Трајковска.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.
-Усвојување на записник од 53-та седница на Совет на Општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за", против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2025 година за период од 01.01.2025 до 30.09.2025 година
2. Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во Општина Демир Хисар 2025-2026 година
3. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство на 11 члена на советот, а потоа предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи да се дополни Дневниот ред со уште една точка на предлог на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар и тоа како точка 2. Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во Општина Демир Хисар 2025-2026 година
Советниците немаа забелешка по предлжениот Дневен ред исто и по предлогот за дополнување со точката. Со 11 „за" беше усвоен дневниот ред со дополнувањето.

**ТОЧКА 1. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2025 година за период од 01.01.2025 до 30.09.2025 година**

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија истакна оваа е последна седница за овај состав на совет, на дневен ред е извештајот што советот донесол во текот на овај период од годината. Бидејќи е последна седница предложи секој советник поединечно да се изјасни за работата на советот во текот на четиригодишниот мандат да даде свое мислење и оцена. Советникот Аце Јанкуловски во својата дискусија истакна донесени се многу акти колку од нив се реализирани немаме информација, од наша страна се донесени, работевме совесно, конструктивно совесни бевме и кога имаше недоразбирање, различни мислења заедно успевавме да најдиме решение добро ги решававме и надминувме. Мило ми беше што бев дел од овај состав на совет заврши советникот Јанкуловски. Исто и советникот Филип Ангелевски истакна дека му било чест што е дел од овај состав на совет, советот добро работеше сите точки се гласаа. Советникот Валентин Несторовски истакна се работеше добро нешто се исполни нешто не, мило му е што бил дел од овај состав на совет, мило му е што се донесе одлуката за реализацијата на крстот во Загориче сите се заслужни сите дадоа допринос со еден збор 99 % беше добро, потоа му се заблагодари на сите за соработката. Чест ми беше да бидам член на овај состав на совет, истакна Магдалена Вељановска исто мило и е што се реши еден од најголемите проблеми во Стругово изградба на патот до манастирот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде ако и во наредниот состав на совет биде член ќе

даде поддршка за реализација и дозавршување на проекти. Ова е сериозна работа советот носи важни одлуки, многу работи ги иницираме, но не се дозавршија, си останавме пријатели без разлика на политичката припадност. Советникот Јордан Кромидаровски во својата дискусија истакна ми беше чест што бев член на овај состав на совет запознав нови луѓе, работевме сложно носевме многу одлуки, очекувавме повеќе резултати конкретно за Смилево. Мојот ангажман нажалос не помина се ангажирав да се реализираат проекти, имам поголеми цели во формирање на националната програма за Смилевски конгрес, се залагав за нашиот крај да има повеќе проекти, но нема резултати, добро соработуваваме ќе останеме пријатели. Советничката Марина Димитријовска се надополни на дискусијата на советниците додавајќи одлуките поминуваа едногласно, не се реализираа сите, во извештајот детално е внесено што сме донесле, но очекував да имаме информација што се реализирало од тоа, што е во постапка што останува да се реализира. Имавме конструктивна соработка одлуките беа разумни во интерес на граѓаните излегувавме во пресрет на сите жители, исто благодарност до администрацијата за соработката имавме четири години добра соработка, посака многу успех на идните советници. Советникот Сашо Михајловски додаде четири години плодна работа на Советот донесени се многу одлуки дел се реализирани дел не се реализирани како одлуката за патот кај црквата, одлуката за резервоарите за Доленци и Базерник, останува новиот состав на совет да ги дозаврши. Со некој од советниците се знаевме со некој се запознавме добро е што ќе останаме пријатели. Тоа што носевме одлуки со 11 „за“ се беше во интерес на граѓаните оставаме наредниот состав на совет да ги завршува. Советникот Аце јанкуловски објасни за патот кај црквата во текот на вчерашниот ден требаше да се донесе одлука за изведувач и веднаш ќе треба да започнат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна мило ми беше што четири години имавме успешна соработка, ги пренесувавме сите проблеми на граѓаните, некој се благодарни, некој не, политичките размислувања не влијае на одлуките ги изнесувавме нашите ставови. Лично во моето село Журче не направив ништо, освен 60.000 денари, обезбедив 220.000 евра за проект за изградба на мост, но изработката на проектот некаде заглави, три години ме чекаа да се изготви проектот повеќе не можеше средвата пропаднаа. Не сме задоволни од резултатите можевме повеќе многу од одлуките ги носевме разумно, многу од нив завршуваа само одлуки, неможам да разберам три години да не можи да се изработи проект. Потоа му посака многу успех здравје на сите советници, потоа додаде жал ми е што нема од сегашните советници никој на листите, но секогаш стои на располагање тука ќе биде ако некој се обрати. Советничката Сандра Пејковска се заблагодари на сите се започна мандат полн со предизвици, со различна власт, е благодарна за соработката од сите за трпението, бевме контруктивен совет со добра намера во интерес на граѓаните, сите сакавме да се постигне повеќе успех, не зависеше секогаш од нас. Сите сме дел од општеството можеме и на друг начин да дадеме придонес, да помогнеме ќе се отворан нови можности. Потоа се заљблагодари на администрацијата за соработката. Бидејќи немаше повеќе дискусија со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во Општина Демир Хисар 2025-2026 година***

Во врска со предложената Одлуката за давање согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во Општина Демир Хисар 2025-2026 година немаше присутен претставник. Одлуката во однос на цените и реациите е еднаква со одлкута од предходната година истакна Александра Трајковска. Советникот Јордан Кромидаровски забележа во одлуката стои улица во Смилево никогаш таа улица не се чисти, таа е потесна улица треба друга машина никогаш ЈКП Комуналец не пушта таква машина. Советникот Валентин Несторовски забележа во одлуката во делот на улици Утово не е запишано. Претседателот на советот Љупчо Најдовски предложи наместо 4 м3 употреба на камен агрегат да стои 20м3, бидејќи е многу малку 4. Дискусија повеќе немаше. Бидејќи немаше присутен претставни забелешките и предлозите од советниците ќе му бидат пренесени. Со 9 „за“ одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 3 предлози и прашања***

-барање од МЗ Кошиште

Месната заедница од с.Кочиште во своето барање има наведено дека при работа ЈП Македонски шуми го оштетиле водоводот, бараат да се санира.

Советничката Марина Димитријовска забележа во барањето стои дека неколку години не е санирано, советникот Аце Јанкуловски додаде се обратиле до ЈП Македонски шуми, но нема реакција да се излези во пресрет на жителите да се направи.

Советникот Валентин Нестороски ги запозна советниците во с.Утово и с.Загориче со водоводот стопанисува ЈКП „Комуналец", но водата не е исправна за пиење. Разговарано е со директорот додека водата биде исправна за пиење да не се фактурира, не е фер да се наплаќа неисправна вода за пиење. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги потсети советниците на почетокот на мандатот донесовме одлука еден месечен паушал да се донира за изградна на храмот Св. Кирил и Методиј во Демир Хисар. Фер е човечки да си ја почитуваме одлуката што ја донесовме затоа предложи паушалот од овај месец да се донира за храмот, сеуште нема жиро сметка, но тоа ќе го среди администрацијата. Советникот Валентин Несторовски се согласи ако нема задржано кога се донесе одлуката нека се задржи сега. Советничката марина Димитријовска додаде бидекќи нема жиро сметка каде ќе се префрлат средствата. Претседателот на Советот Љупчо најдовски објасни средствата ќе стојат кога ќе има жиро сметка ќе се префрлат. Советничката Сандра Пејковска додаде ако не се случи тоа што со тие средства, ние одлучивме да ги донираме само да се види како. Александра Трајковска додаде кога се носеше одлуката и јас бев советник ќе донирам и јас средства, кога ќе се формира иницијативниот одбор. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде ние одлучивме така, ако не почни да се гради овие стредства ќе се вратат назад на советниците. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-1026
08.10.2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски